ВИСОКА ШКОЛА ЗА ВАСПИТАЧЕ
СТРУКОВНИХ СТУДИЈА
АЛЕКСИНАЦ

# НАШЕ СТВАРАЊЕ

Зборник радова са Једанаестог симпозијума
са међународним учешћем

*„ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ“*

15

АЛЕКСИНАЦ
2016.

*Издавач*:
Висока школа за васпитаче струковних студија
Пиварска б.б. 18220 Алексинац
тел: (018) 804-323, 803-331
e-mail: vas.skola@medianis.net
СВЕН, Ниш
Стојана Новаковића 10

*За издавача*:
др Стојан Обрадовић

*Главни и одговорни уредник*:
др Мирољуб Јоковић

*Редакција*:
др Даница Радуновић Столић
др Јован Живковић
др Далиборка Поповић
др Мићо Милетић
Аница Павловић

*Чланови уређивачког одбора из иностранства*:
др Ала Белусова (Русија)
др Милош Ковачевић (Република Српска) др
Светлана Калезић Радоњић (Црна Гора) др
Анета Баракоска (Македонија)
др Само Фошнарич (Словенија)

*Лектор*:
др Милутин Ђуричковић

*Преводилац*:
др Игор Петровић

*Технички уредник*:
др Лазар Стошић

*Штампа:*
"Свен", Ниш

*Тираж*:
110 примерака

ISBN 978-86-7746-581-0

# САДРЖАЈ

УВОДНА РЕЧ... ...........................................................................................................9

**1. ПАРТИЦИПАТИВНА ПРАВА ДЕЦЕ У ВАСПИТНООБРАЗОВНОМ РАДУ**

**Слађана Зуковић**
ПРЕТПОСТАВКЕ РАЗВОЈА ПАРТНЕРСКОГ ОДНОСА
ИЗМЕЂУ ПОРОДИЦЕ И ПРЕДШКОЛСКЕ УСТАНОВЕ…......……………... ..13
**Ирена Голубовић-Илић**
**Александра Михајловић, Наташа Вукићевић**
МЕТОДА ПРАКТИЧНИХ РАДОВА У ФУНКЦИЈИ
ОСТВАРИВАЊА ПАРТИЦИПАТИВНИХ ПРАВА ДЕЦЕ…………... ..……23
**Марина Ивановић, Наташа Ћирић**
УЛОГА ДЕЦЕ У ОСТВАРИВАЊУ
ПАРТИЦИПАТИВНИХ ПРАВА... .........................................................................32
**Кристина Крстић, Марија Лукић**
ПОДСТИЦАЈНА КОМУНИКАЦИЈА ВАСПИТАЧА
КАО ПРЕДУСЛОВ УСПЕШНОГ РАЗВОЈА САМОПОШТОВАЊА ….…..… 40
**Анкица Симона Ковачевић**
ПАРТИЦИПАЦИЈА ДЕЦЕ СА СМЕТЊАМА У РАЗВОЈУ У
ВАСПИТНО-ОБРАЗОВНОМ РАДУ:
МОГУЋНОСТИ И ОГРАНИЧЕЊА ……... ..........................................................…48
**Зденка Миливојевић, Тања Динић**
ПАРТИЦИПАТИВНА ПРАВА КАО ПРИНЦИП
У ВАСПИТНО-ОБРАЗОВНОМ ПРОЦЕСУ …………………………......…...54

**2. УЛОГА ВАСПИТАЧА У РАЗВИЈАЊУ ХУМАНИСТИЧКИХ И ДЕМОКРАТСКИХ ВРЕДНОСТИ КОД ДЕЦЕ И УЧЕНИКА**

**Љубиша Златановић**
РАЗВОЈ АЛТРУИЗМА И ПРОСОЦИЈАЛНОГ ПОНАШАЊА
У РАНОМ ДЕТИЊСТВУ: НЕКА ПИТАЊА И ТЕМЕ……………………..…...63
**Часлав Стоиљковић**
ВАСПИТАЧ КАО ФАКТОР МОРАЛНОГ ВАСПИТАЊА ДЕЦЕ ………..…...72
**Радмила Ђурић**
УТИЦАЈ ВАСПИТНИХ СТИЛОВА РОДИТЕЉА
НА ПОНАШАЊЕ ДЕЦЕ У ГРУПИ ……………………... ..…………….81
**Љиљана Станков, Мира Јовановић**
СПЕЦИФИЧНОСТИ УЛОГЕ ВАСПИТАЧА У РАЗВИЈАЊУ
ХУМАНИСТИЧКИХ И ДЕМОКРАТСКИХ ВРЕДНОСТИ
КОД ДЕЦЕ ПРЕДШКОЛСКОГ УЗРАСТА …………………... ………….87
**Ана Вукобрат, Маријана Силашки, Јован Јовановић**
УЛОГА ВАСПИТАЧА У РАЗВИЈАЊУ ДЕМОКРАТСКИХ
И ХУМАНИСТИЧКИХ ВРЕДНОСТИ КОД ДЕЦЕ ……………... ……...92

**Катарина Томић, Јелена Живановић**
САРАДЊА ВАСПИТАЧА И РОДИТЕЉА ДЕЦЕ
СА ИНТЕЛЕКТУАЛНОМ ОМЕТЕНОШЋУ …………………...      ...………100
**Јелена Евтимов**
ЗНАЧАЈ УЛОГЕ НАСТАВНИКА У РАЗВИЈАЊУ
ДЕМОКРАТСКИХ И ХУМАНИСТИЧКИХ ВРЕДНОСТИ
КОД УЧЕНИКА... ........................................................................................ ..109
**Мирослав Кука, Душан Ђурић,**
**Лазар Ђорић, Злата Антић**
КОНЦЕПЦИЈА ВАСПИТАЧКИХ СТУДИЈА,
СТРУЧНА ОСПОСОБЉЕНОСТ ВАСПИТАЧА И ПЕРСПЕКТИВЕ ……..…116
**Петар Анђелковић, Радица Недељковић**
ХУМАНИСТИЧКО ОБРАЗОВАЊЕ У ЗЛИМ ВРЕМЕНИМА,
ТЕШКА ВРЕМЕНА И/ИЛИ СЛАБИ НАСТАВНИЦИ ……….………………123
**Наташа Ћирић, Марина Ивановић**
КАКВУ ЛИЧНОСТ РАЗВИЈАМО ДАНАС ………………….……………..130
**Наташа Тасић**
МУЗИКОМ У СУСРЕТ КУЛТУРНИМ РАЗЛИЧИТОСТИМА ……………...144
**Веселинка Браловић**
КОРЕЛАЦИЈА ТРАДИЦИОНАЛНОГ ПЕВАЊА, ФОЛКЛОРА
И СЛУШАЊА МУЗИКЕ …..........................................................................…152
**Љубиша М. Михајловић, Милица Љ. Михајловић,**
**Невенка К. Михајловић**
ПРАВИЛНА ПРИМЕНА ХОЛИСТИЧКОГ НАЧИНА УЧЕЊА
- ПРИМЕР ЕКОЛОШКОГ ОБРАЗОВАЊА И ВАСПИТАЊА
НА ПРЕДШКОЛСКОМ УЗРАСТУ ... ..............................................................…156
**Невенка К. Михајловић, Љубиша М. Михајловић**
**Милица Љ. Михајловић**
ПОТПУНА ПРИМЕНА ХОЛИСТИЧКОГ УЧЕЊА
У СУПРОТНОСТИ ЈЕ СА ОСНОВНОМ ПОСТАВКОМ ЖИВОТА,
ПРИРОДОМ ЧОВЕКА И ДЕСТРУКТИВНО ДЕЛУЈЕ НА ДРУШТВО
- РЕШЕЊЕ ЈЕ УМЕРЕНИ, ПАРЦИЈАЛНИ ХОЛИЗАМ ...        ………………162
**Игор Станојевић, Јурица Станковић**
КАНОНИЧКЕ РЕЛАЦИЈЕ МОРФОЛОШКИХ КАРАКТЕРИСТИКА И
УСПЕХА У ЕКСПЛОЗИВНОЈ СНАЗИ КОД МЛАДИХ СПОРТИСТА …….171
**Игор Станојевић, Јурица Станковић**
УТИЦАЈ МОДЕЛА СПРИНТЕРСКЕ БРЗИНЕ НА РАЗВОЈ РЕПЕТИТИВНЕ
СНАГЕ КОД УЧЕНИКА ОСНОВНИХ ШКОЛА …………….................. ...…177
**Марко Филиповић, Бојан Јоргић, Дејан Мадић, Томислав Окичић,**
**Стефан Ђорђевић, Марко Александровић**
ЕФЕКТИ ПРОГРАМА ВЕЖБАЊА У ВОДИ КОД ДЕЦЕ СА ДАУНОВИМ
СИНДРОМОМ: СИСТЕМАТСКО ПРЕГЛЕДНО ИСТРАЖИВАЊЕ ……..…184

**Стефан Ђорђевић, Марко Александровић, Бојан Јоргић**
**Мехмед Озари, Дуран Арслан, Армин Паравлић**
ЕФЕКТИ ПРОГРАМА ВЕЖБАЊА
ОДРАСЛИХ ОСОБА СА ОШТЕЋЕЊЕМ ВИДА ……......……………………191

## 3. СТВАРАЛАШТВО ДЕЦЕ У ФУНКЦИЈИ ОЧУВАЊА НАЦИОНАЛНИХ ВРЕДНОСТИ

**Александра Анђелковић**
ОБРАЗОВАЊЕ ДАРОВИТИХ
- ПРАВО НА ПОСЕБНОСТ И РАЗВОЈ …………... ....………………201
**Бранко Поповић**
ДРАМСКЕ ИГРЕ ЗА ДЕЦУ У ФУНКЦИЈИ
ОЧУВАЊА НАЦИОНАЛНИХ ВРЕДНОСТИ ……….. ....…………………..208
**Драгана Гавриловић-Обрадовић**
ИНТЕГРИСАНИ ПРИСТУП У РЕАЛИЗАЦИЈИ НАСТАВНИХ САДРЖАЈА …215
**Гордана Сјеничић, Катарина Чутовић**
СРБИЈА У НАШЕМ СРЦУ ……………... ..……………………………221
**Весна Миленковић, Ивана Јовановић**
УЧЕЊЕ ПОЧЕТНИХ МАТЕМАТИЧКИХ ПОЈМОВА КРОЗ ИГРУ
И ФИЗИЧКУ АКТИВНОСТ У ПРЕДШКОЛСКОМ ПЕРИОДУ ………..……227
**Милан Живановић**
ГЕОГЕБРА И МЕТОДИКА КВИЗЕНЕРА ……….....………………………234

## 4. ИНФОРМАТИЧКЕ КОМПЕТЕНЦИЈЕ И САВРЕМЕНИ СВЕТ

**Снежана Милојковић**
**Јасмина Стојковић, Јасмина Мишић**
ИКТ КОМПЕТЕНЦИЈЕ НАСТАВНИКА ЗА ДРУШТВО ЗНАЊА ….....……243
**Наташа Вуковић**
ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ -
КОМПЕТЕНЦИЈА И КОНЦЕПТ ЦЕЛОЖИВОТНОГ УЧЕЊА ... ....………248
**Катарина Чутовић, Гордана Сјеничић**
УПОТРЕБА РАЧУНАРА У НАСТАВИ ГЕОГРАФИЈЕ
У ОСНОВНОЈ ШКОЛИ …………………... ......................... ...…………..254
**Слађана Стаменковић**
МЕДИЈСКА ПИСМЕНОСТ - УСЛОВ СТИЦАЊА МЕДИЈСКЕ
И СОЦИЈАЛНЕ КОМПЕТЕНЦИЈЕ ДЕЦЕ У 21. ВЕКУ ………………... .260
**Марко Јеленић**
ПОТЕНЦИЈАЛИ ПРИМЕНЕ ИНФОРМАЦИОНИХ ТЕХНОЛОГИЈА
НА ПОДИЗАЊУ КОМПЕТЕНЦИЈА ВАСПИТАЧА
У ОКВИРУ МУЗИЧКИХ АКТИВНОСТИ …………... ..………………268
**Весна Минић**
УТИЦАЈ САВРЕМЕНИХ МЕДИЈА НА ВАСПИТАЊЕ
ДЕЦЕ РАНОГ УЗРАСТА НА КОСОВУ И МЕТОХИЈИ ... …………….277

**Предраг Михајловић, Љиљана Стошић Михајловић**
РЕФОРМА ОБРАЗОВАЊА У СРБИЈИ И МЕСТО НАСТАВНИКА
У ВАСПИТНО-ШКОЛСКОМ СИСТЕМУ ……... ..……………………...284
**Љиљана Стошић Михајловић**
МЕНАЏМЕНТ И ЕКОНОМИЈА У ОБРАЗОВАЊУ ……......…………………292
**Александра Перић-Николић**
**Емилија Ђикић-Јовановић, Наташа Благојевић**
ТРАГАЊЕ ЗА НОВИМ СТИЛОМ ЖИВОТА …………......………………..299
**Марија Александровић**
ХРОНОЛОШКО ПОВЕЗИВАЊЕ КРЕАТИВНОСТИ И ФИЛОЗОФИЈЕ
И КРЕАТИВНОСТ ИЗ УГЛА ЕСТЕТИКЕ …………... ....……………...305
**Дубравка Поповић**
ЦРТАНИ ФИЛМ, БЕЗБЕДНОСНИ РИЗИЦИ
И ЊИХОВИ УТИЦАЈ НА ВАСПИТАЊЕ ДЕЦЕ ………... ………………309
**Дијана Петровска**
УЧЕБНИЦИТЕ ВО КОНТЕКСТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА
ВО ЈАЗИЧНАТА НАСТАВА …………………..........................................317

## 5. ИЗАЗОВИ И ПРОБЛЕМИ САВРЕМЕНОГ ЈЕЗИКА И КЊИЖЕВНОСТИ

**Јелена Вељковић Мекић**
ПЕСНИШТВО ЗА ДЕЦУ: ДОМЕТИ И ОГРАНИЧЕЊА ………..……………329
**Весна Тодоров**
БАЈКЕ ТИОДОРА РОСИЋА И УМЕТНИЧКА КОНЦЕПЦИЈА ИСТОРИЈЕ У КОНТЕКСТУ РАЗУМЕВАЊА СЕБЕ И ДРУГИХ
- ИЗАЗОВИ У ТУМАЧЕЊУ ... .335
**Тамара Грујић, Јован Јовановић**
ОДРАСТАЊЕ У ПОЕЗИЈИ ЗА ДЕЦУ
МИРОСЛАВА АНТИЋА ………………………... ....…………………………342
**Биљана Солеша**
ТИМСКА НАСТАВА КАО ИЗАЗОВ ……………......………………………349
**Анђелка Лазић**
КО, ШТА И КАКО? ЛИНГВОКУЛТУРОЛОШКИ ПРИСТУП
МЕТОДИЦИ РАЗВОЈА ГОВОРА ………………... ……………………..355
**Даница Столић**
ИГРОВНИ И РАДНИ ЛИСТОВИ …………………………….... ...……..364
**Бранкица Бојовић**
КУЛТУРА И ПРЕВОД ……………………………... ............... ....……………368
**Ружица Јовановић**
УТИЦАЈ РАЗУЂЕНОСТИ ЕПИЗОДНИХ СИТУАЦИЈА И
СПОРЕДНИХ КЊИЖЕВНИХ ЛИКОВА НА ТОК ПРИЧЕ
У РОМАНУ - БАЈЦИ О ХАРИЈУ ПОТЕРУ …………………... ……….374
**Сања Петровић, Бојана Николић**
УТИЦАЈ ГОТОВИХ ВИЗУЕЛНИХ РЕШЕЊА НА ДЕЧЈУ КРЕАТИВНОСТ
ТОКОМ ОБРАДЕ КРАТКЕ ПРИЧЕ НА ЕНГЛЕСКОМ ЈЕЗИКУ …......……..381

**Сања Вулетић**
ПРИМЕНА ЈЕЗИЧКИХ ИГАРА У УСВАЈАЊУ ДРУГОГ ЈЕЗИКА ...........389
**Снежана Перишић, Миљан Миљковић**
УПОРЕДНА АНАЛИЗА РОМАНА „АЛИСА У ЗЕМЉИ ЧУДА“ ЛУИСА КЕРОЛА У СРПСКОМ И ЕНГЛЕСКОМ ЈЕЗИКУ ........ .....................396
**Гордана Димитријевић**
ДЕЧИЈЕ КЊИЖЕВНО СТВАРАЛАШТВО И ШКОЛА ........... ......402
**Милутин Ђуричковић**
РАЗНОРОДНА ИСТРАЖИВАЊА ........................................................410
**Махмут Челик, Јованка Денкова**
ПРОЗНОТО ТВОРЕШТВОЗА ДЕЦА НА РЕЦЕП МУРАТ БУГАРИЧ .........415
**Јованка Денкова, Махмут Челик**
СОЦИЈАЛНИОТ АСПЕКТ ВО ТВОРЕШТВОТО ЗА ДЕЦА И МЛАДИ НА ЈОВАН СТРЕЗОВСКИ ...................................420
**Михајло Марковиќ, Соња Новотни, Стојан Ѓошевски**
МАКЕДОНСКО ЈАЗИЧНО ПРАШАЊЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ КЊИЖЕВЕН 19 ВЕК .................... .........426
**Соња Новотни, Михајло Марковиќ**
ЗА НЕКОИ СОМАТСКИ ФРАЗЕОЛОШКИ ИЗРАЗИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ...............................................434
**Марина Даниловска, Марина Спасовска**
МОТИВАЦИЈАТА И МОТИВИРАЧКИТЕ ТЕХНИКИ ПРИ УЧЕЊЕТО НА ЈАЗИЦИТЕ ......................... ...................440

## 6. РАДОВИ ИЗ ПРАКСЕ

**Виолета Поповић, Мирјана Видојковић**
ХОР У ПРЕДШКОЛСКОЈ УСТАНОВИ ...............................................447
**Маја Радујков**
ДЕЧИЈЕ СТВАРАЛАШТВО И СПОЗНАЈА О ТРАДИЦИЈИ КРОЗ МУЗЕЈСКЕ ПОСТАВКЕ ..............................................453
**Аница Павловић**
УЧЕЊЕМ ПОСТАЈЕМО ТО ШТО ЈЕСМО ................. .................457
**Слободанка Миладиновић, Далиборка Живковић**
ТРАЈНЕ СТВАРИ КОЈЕ ДАРУЈЕМО СВОЈОЈ ДЕЦИ СУ КОРЕНИ И КРИЛА ..................................................461
**Снежана Кутлешић, Биљана Јелисавчић, Анастасија Богдановић, Мирјана Јелисијевић Лончар, Јелена Митрашиновић Брашанац**
ЛЕПОТА ЈЕ СВУДА ОКО НАС ................................. ..........467
**Јелена Перуновић Самарџић**
РАЗВОЈ МУЛТИКУЛТУРАЛНОГ И ИНТЕРКУЛТУРАЛНОГ ВАСПИТАЊА У ПРЕДШКОЛСКИМ УСТАНОВАМА ...... ...........472
**Татјана Богосављевић, Бојана Недељковић**
У ЦАРСТВУ ДЕСАНКИНОГ ЛИКА И ДЕЛА ........... ...................475

**Виолета Николић, Милена Станковић**
МАТЕМАТИКА ЈЕ СВУДА ОКО НАС ……………….. ......................……….480
**Биљана Марковић, Марија Степановић**
РАЗВОЈ ЕКОЛОШКЕ КУЛТУРЕ
НА ПРЕДШКОЛСКОМ УЗРАСТУ …………………... .................. ………...486
**Бранка Шпијуновић, Јулија Брашновић, Слађана Божовић,**
**Мирјана Јелисијевић Лончар, Јелена Митрашиновић Брашанац**
ТЕКУ, ТЕКУ КАПИ ЧИСТЕ …………………….......................... …………..491
**Сузана Милановић**
ЛИК И ДЕЛО СВЕТОГ САВЕ КРОЗ МОНТЕСОРИ ТРАКУ ……….…….495
**Зорица Ђурић, Невенка Поповић**
МОЈА ДРУГА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА „ДЕЦА СВЕТА“ ………...          ……….499

УПУТСТВО САРАДНИЦИМА ……………......…………………………….505

# УВОДНА РЕЧ

Једанаести Симпозијум са међународним учешћем „**Васпитач у 21. веку**“, у организацији Високе школе за васпитаче струковних студија у Алексинцу, представља интердисциплинарни научно-стручни скуп посвећен питањима и проблемима предшколског образовања и васпитања, али и другим темама из сродних области и дисциплина. Циљ скупа је, пре свега, унапређење стручне и практичне оспособљености васпитача, као и свих других учесника који се на одређени начин баве овом проблематиком.

Зборник радова „**Наше стварање**“ број 15 настао је као резултат излагања и практичних презентација поднесених на поменутом скупу одржаном 27. и 28. марта 2015. године у Сокобањи, у присуству бројних учесника, васпитача, педагога и наставника са свих нивоа образовања и васпитања.

Иницијалне теме Симпозијума и тематске области биле су:

1. *Партиципативна права деце у васпитно-образовном раду,*
2. *Улога васпитача у развијању хуманистичких и демократских вредности код деце и ученика,*
3. *Стваралаштво деце у функцији очувања националних вредности,*
4. *Информатичке компетенције и савремени свет,*
5. *Изазови и проблеми савременог језика и књижевности.*

Као посебна идејно-тематска целина од овог броја уведена је рубрика, односно поглавље *Радови из праксе*, које доноси реферате и презентације васпитача из непосредне праксе.

Бројни и разноврсни радови (укупно 72) потврдили су да је тема скупа била веома занимљива и подстицајна, те као такви представљају значајан допринос у корелацији научно-стручних и практичних приступа.

Зборник и даље остаје отворен за дијалог и сарадњу, а уредништво задржава право да радове прилагођава општим правилима уређивања и стандардима српског језика.

**Редакција**

Проф. д-р Махмут Челик
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Штип, Р. Македонија
e-mail:
mahmut.celik@ugd.edu.mk

Проф.д-р Јованка Денкова
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Штип, Р. Македонија
e-mail: jovanka.denkova@ugd.edu.mk

# ПРОЗНОТО ТВОРЕШТВО ЗА ДЕЦА НА РЕЏЕП МУРАТ БУГАРИЧ

**Сажетак**: Во овој труд се разгледува општото творештво на Реџеп Мурат Бугарич. Еден е од ретките писатели на Турската заедница во Република Македонија, кој исклучиво пишува раскази за деца. Познат е и како составувач на антологиски избори, преведувач и учебникар. Меѓутоа, слободно може да се каже дека во неговото творештво расказите за деца заземаат видно место.
**Клучне речи**: Реџеп Мурат, творештво, проза, деца.

## 1. Вовед

Првите дела за деца на турски јазик во Република Македонија почнуваат да се објавуваат на страниците од весникот „Бирлик“ (кон крајот од 1944 година) и весникот за деца „Pioner gazetesi“ (Пионерски весник) и списанијата за деца „Севинч“ и „Томурџук“. Подоцна, првин во рамките на издавачката куќа „Кочо Рацин“ (односно „Детска радост“) а потоа во рамките на издавачката куќа „Бирлик“ почнува издавањето и на книги раскази за деца на турски јазик во Република Македонија.

Основоположниците на турската детцка литература во Република Македонија се: Хусејин Сулејман, Мустафа Карахасан, Шукри Рамо, Неџати Зекерија, Фахри Каја, Махмут Киратли, Суреја Јусуф и Илхами Емин, а подоцна кон нив се приклучуваат и други раскажувачи, меѓу Реџеп Мурат – Бугарич, Есад Бајрам, Нусрет Дишо Улку, Авни Енгуллу, Фахри Али, Авни Абдулах, Алахеттин Тахир, Сабит Јусуф идр.

Поетско-прозни дела за деца на турските писатели во Република Македонија се со воспитно-дидактички карактер. Повеќето автори на првата повоена генерација

турски писатели беа просветни работници или први новинари на турски јазик во весникот „Бирлик“ и „Пионерски весник“ на турски јазик[1].

Во творештвото на турски писатели во Република Македонија поезијата за деца, во споредба со расказите за деца, е поприсутна. Тоа било резултат, пред сѐ, на повеќевековната традиција воопшто во турската литература и во матичната земја, Република Турција, каде што поетската традиција има многу постари и потрајни корени, а особено во доменот на народната поезија, во која се познати низа спевови (за Ферхат и Ширин, Тахир и Зухре, Арзу и Камбер и други). Што се однесува до прозното творештво на Турската заедница во Република Македонија тоа е познато преку народните приказни и анегдотите за Насрадин Хоџа и други видови народно творештво, како што се преданијата и легендите, кои, секако, одиграа значајна улога во творештвото за деца и на првата повоена генерација турски писатели на раскази за деца во нашата земја. Меѓутоа, повеќе сакаме да веруваме дека родоначалниците на Турската литература во Републиак Македонија во периодот по Втората светска војна во своите почетоци се инспирираа од првите литературни творци за деца и возрасни меѓу писателите за деца и возрасни кај Македонците (Блаже Конески, Славко Јаневски, Ванчо Николески, Васил Куноски, Борис Бојаџиски и други), бидејќи ги зближуваа заеднички теми и животни услови во текот на истата војна, во која и Турците во Македонија зедоа активно учество во редовите на партизанските одреди, а во заедничката борба против окупаторот[2].

Меѓутоа, во делата создадени, почнувајќи од 1991 година, се забележува разновидност на обработените теми. Во 1992 година во издание на „Бирлик“ излегува книгата „Раскази“ (посветена на возрасните кои го завршиле своето детство), а во 1995 година, пак во издание на „Бирлик“ подолгата проза со автобиографски записи „Детство кое не дозволив да биде згаезно“.

Фахри Каја во антологискиот избор раскази за деца *„Виножито“* за Реџеп Мурат – Бугарич вели: „Тој темите за своите раскази за деца ги црпи претежно од годините на своето наставникување. Во литературата за деца на Турската заедница во Република Македонија зазема посебно место со својот јасен јазик и начин на раскажување“[3].

---

[1] Çocuklara bir tutam hikâye, NİD “Mikena”, Manastır, 2008, стр. 9.
[2] Celik, Mahmut, Zbornik radova sa međunarodnoga znanstvenoga skupa, Osjek, 2014
[3] Kaya Fahri, Yugoslavya Türk hikayesi antolojisi, Birlik yayınları, Üsküp, 1990

## 2. Животот на Реџеп Мурат Бугарич

Реџеп Мурат Бугарич е роден на 13 јануари 1934 година во Скопје. Основно, средно и вишо образование завршува во родниот град. До своето пензионирање работи во основното училиште „Тефејјуз“ во Скопје. Еден е од ретките писатели на Турската заедница во Република Македонија, кој исклучиво пишува раскази за деца. Неговата прва книга раскази за деца „Три палта“ е објавена во 1874 година. Во 1982 година излегува неговата втора книга раскази за деца „Малиот човек“, во 1984 година книгата раскази за деца „Цигара“, а во 1988 година збирката раскази „Лото“.

Абдулкадир Хајбер во својот антологиски избор ***„Литературата на Турците од Македонија и Косово“*** за расказите за деца на Реџеп Мурат вели: „Раскази за деца можат да бидат и оние во кои главни ликови се возрасни, а и настаните се од животот на возрасните. Тоа се постигнува со приспособување на расказите за детската возраст[4]”. Од овој аспект расказите во книгата Три палта и повеќето раскази од Малиот човек, може да се каже оти се напишани за деца. Во овие свои книги авторот претежно третира теми од општествен и морален аспект.

Според авторот, исправањето на општествените недостатоци е можно преку исправање на истите кај поединци од истото општество. Поединецот, според авторот, има многу позначајно место одошто изгледа на прв поглед. Затоа, авторот, своите теми ги црпи од своите сеќавања. Така авторот се сеќава на своите детски години во Втората Светска Војна и по неа. Војната со себе носи глад и немаштија. За ова најдобро сведочи насловниот расказ од истоимената книга Три палта. Училиштето и домот се две основни клетки кои го усмеруваат детето во неговиот живот, при што не треба да оскудева ни едната од нив, како што е, на пример, Лејла од расказот Девојчето од угледното семејство.

## 3. Критички осврт кон творештвото на Реџеп Мурат Бугарич

Според Чигдем Улкер, во расказите на Реџеп Мурат дидактичноста во речиси сите раскази за деца секако е резултат на неговата наставничка професија.

Критички осврт ќе извршиме над неговиот избор раскази за деца „Раскази“ (или - Возрасните кои го заборавиле своето детство).[5]

[4] Abdulkadir Hayber, Makedonya ve Kosova Türklerinin edebiyatı, İstanbul, 2001, стр. 237

[5] Ülker Çiğdem, Makedonya Türk öyküsünde kimlik sorunu, T.C. Kültür Bakanlığı yayınları, Ankara, 1998, 1998, стр. 41.

Истиот избор има 99 страни, а содржи вкупно 34 раскази. Книгата има четириаголна форма, со должина од 20 и широчина од 14 см.

Книгата е избор од неколкуте претходно објавени книги раскази за деца на Реџеп Мурат Бугарич. Расказите се со различна содржина, наменети за ученици од горните одделенија на основните училишта со турски наставен јазик.

Накусо ќе извршиме осврт врз некои од застапените раскази во посочената книга. „Оваа старица ли е жртва“ е насловот на првиот кус расказ во книгата, во кој авторот и детето разговараат околу тукуштo починатата старица во улицата. Притоа минува друга старица, која прашува каде е домот на починатата. Детето прашува: „Оваа старица ли починала?“ На тоа авторот во шега одговара потврдно. Детето пак прашува: „Многу ли е мртва?“ Кога добива потврден одговор , детето вели – гревота!

Расказот има своја помалку скриена порака за тоа дека постарите луѓе од нашите средини треба да се почитуваат додека се живи.

***„Три палта“,*** според нашето мислење, е меѓу најдобрите раскази за деца во литературата на Турската заедница кај нас воопшто. Станува збор за тешките први повоени денови од Втората Светска Војна кога за брашно биле продавани новите палтиња на децата. Кога трите братчиња излегуваат да се санкаат, од спротивната страна забележуваат како доаѓаат три други дечиња облечени во нивните палтиња.

Во расказот ***„Детско срце“*** станува збор за малиот Кемал кој е вработен во продавница на текстил. Притоа, во продавницата недостасуваат две кошули. Иако сопственикот на продавницата не покажува оти се осмнева во него, сепак, Кемал вечно ќе страда поради помислата оти тој бил сомнителниот за кражбата.

***„Малиот човек“*** е расказ за гордото дете Наџи кое на училиште доаѓа со искинато палто. Учителот се сожалува и сака да му донесе износено, но здраво палто од соседите. Утринта, Наџи задоцнува на првиот час. Учителот е загрижен. Најпосле Наџи се појавува со ново палто. Се разбира дека неговите родители со крајни напори успеале да му купат ново палто, а нивниот син ја сочувува својата гордост, заради што учителот и го нарекол „мал човек“.

***„Старост“*** е расказ за старецот Хасан Ефенди кој од своите пријатели бара пари на заем. Се зачудиле зошто им рекол: „За да умрам во мир и спокој“. Се заинтересирале како ќе го постигнат тоа. Им раскажал приказна за старецот кого снаите не го почитувале. Му се пожалил на својот пријател, кој му дал на заем грст златници, советувајќи го како да стори истите да ги видат снаите. Откако сторил така, снаите

почнале да се караат за тоа која прва ќе му укаже чест и грижа. Му ги вратил златниците на својот пријател, но до крајот на животот живеел во мир и спокој.

***„Чоколадната кутија“*** е расказ за една кутија полна чоколади која по некоја чудна околност му ја донеле на лекар в болница. Тој истата ја понел небаре подарок на ќеркичката од негов пријател од војска, а по повод нејзиниот роденден. И случајно баба и била в болница. Така кутијата повторно се вратила од каде и дошла.

***„Хамди Ага“*** е расказ за истоимениот стогодишник кој на децата и момците од својата бавча им ги раскажува своите необични доживувања во младоста. Сите му се смеат затоа што им кажува и тие да не грешат како него, кој, без да ја види девојката, се оженил за таква која била многу повисока од него.

***„Утрински чај“*** е последниот расказ во книгата избрани „Раскази“ на Реџеп Мурат. Тажна приказна за еден старец кој секое утро со задоволство го пие својот чај до оној момент кога неговиот сосед од него не ја побарал колата за да помогне околу закопот на починатото внученце-бебе. Но поскапувањето на бензинот си го сторило своето. Неговата кола стоела неподвижна в гаража. Само еднаш соседот побарал услуга која не можел да ја исполни. Тажно, зар не?!

## 4. Заклучок

Реџеп Мурат е расен раскажувач и педагог. Овие две професии кај него добиле убав спој. Се чини дека топлината во неговите раскази секако е одраз на долгогодишната стрплива работа како педагог и директор во училишптето „Тефејјуз“, каде што и тој ги правел првите училишни чекори.

Согласно со претходно кажаното, може да се заклучи дека она кон што цели писателот во своите дела е првото заминување во училиште на детето. Детето се следи помеѓу домот и училиштето и назад. Одвреме-навреме се мешаат случки и настани од прошетки и игри на децата. Истите настани се врзани со училиштето, образованието или воспитанието на децата.

## REDEP MURAT'S WORK IN PROSE CHILDREN'S LITERATURE

Abstract: This paper examines the work of Redep Murat Bugaric. He is mostly known as a publicist, literary critic and as a researcher of the history of the Turks in the Republic of Macedonia. He is also known as an anthology establisher, translator and as a textbook writer. However, we can freely say that in his work, the stories for children take a prominent place.

*Key words: Redep Murat, art, fiction, prose, children.*

**Библиографија**

1. Тофовиќ, М., Уметничката литература и педагошките чувства, Скопје, 1995.
2. Ќамилова – Марија Тофовиќ, Книжевни ликови и проблеми (Прирачник за наставници и студенти), Институт Отворено Општество, Скопје, 1996.
3. Hayber Abdülkadir, Makedonya ve Kosova Türklerinin edebiyatı, Milli Eğitim Bakanlığı yayınları, İstanbul, 2001.
4. Ülker Çiğdem, Makedonya Türk öyküsünde kimlik sorunu, T.C. Kültür Bakanlığı yayınları, Ankara, 1998
6. Karahasan Mustafa, Eleştiriler, Birlik yayınları, Üsküp, 1995
8. Kaya Fahri, Yugoslavya Türk hikayesi antolojisi, Birlik yayınları, Üsküp, 1990
9. Bir Tutam Hikaye, NİD Mikena, Manastır, 2008.
10. Bugariç Recep, Öyküler, Birlik yayınları, Üsküp, 1992.
11. Bugariç Recep, Ezdirtmediğim çocukluğum, Birlik yayınları, Üsküp, 1995.
12. Bugariç Recep, Küçük adam (Öyküler), Birlik yayınları, Üsküp, 1982
13. Bugariç Recep, Üç palto, Birlik yayınları, Üsküp, 1974
14. Bugariç Recep, Sigara, Tan yayınevi, Priştine, 1983